# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
# Lidokain hidrohlorid ALKALOID® / Лидокаин хидрохлорид АЛКАЛОИД®
# 40 mg/2 ml раствор за инјектирање
# (lidocaine)

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува Лидокаин хидрохлорид Алкалоид и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да примите Лидокаин хидрохлорид Алкалоид
3. Како да се употребува Лидокаин хидрохлорид Алкалоид
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Лидокаин хидрохлорид Алкалоид
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛИДОКАИН ХИДРОХЛОРИД АЛКАЛОИД И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Лидокаин хидрохлорид Алкалоид е локален анестетик. Го обезболува делот од телото каде што е вбризган. Лекот може да се користи и по срцев удар.
Лидокаин хидрохлорид Алкалоид може да се употреби за:
- локална анестезија на делот од телото каде што е вбризган лекот – за да се сопре болката којашто ја чувствува пациентот;
- да се забави забрзаната работа на срцето, особено по преживеан срцев удар.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ПРИМИТЕ ЛИДОКАИН ХИДРОХЛОРИД АЛКАЛОИД

**Не треба да примате Лидокаин хидрохлорид Алкалоид ако:**
- сте алергични на лидокаин хидрохлорид или на некоја друга состојка на лекот;
- имате брадикардија (забавена работа на срцето) или други срцеви заболувања.

**Бидете особено претпазливи со Лидокаин хидрохлорид Алкалоид ако:**
- имате заболување на срцето или на белите дробови и ако имате проблеми со дишењето;
- имате заболување на бубрезите или на црниот дроб;
- боледувате од мијастенија гравис (намалена мускулна функција и слабост на мускулите);
- боледувате од епилепсија или ако имате напади;
- сте бремена или ако доите;

- имате воспаление или инфекција во делот каде што треба да го примите лидокаинот.

**Употреба на други лекови**

*Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт и хербални лекови.*

Кажете му на Вашиот доктор ако употребувате некој од следните лекови:

- други локални анестетици;
- лекови кои се користат за лекување неправилна работа на срцето (аритмија), на пр. амиодарон;
- бета-блокатори, на пр. пропанолол;
- циметидин (за лекување чир во желудникот и жиговина).

Не пијте алкохол пред или по примањето на лекот Лидокаин хидрохлорид Алкалоид.

**Бременост и доење**

Пред да го примите лекот Лидокаин хидрохлорид Алкалоид кажете му на Вашиот доктор ако сте бремена, планирате да забремените или ако доите.
Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек.

**Влијание врз способноста за возење автомобил и за ракување со машини**

Во зависност од тоа каде и како се користи, лидокаинот може да влијае на способноста за возење и за ракување со машини. Прашајте го Вашиот доктор кога ќе биде безбедно повторно да возите или да ракувате со машини.

**Важна информација за некои состојки на лекот Лидокаин хидрохлорид Алкалоид**

Овој лек содржи калиум, помалку од 1 mmol (39 mg) на доза, т.е. би можело да се каже „без калиум“.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЛИДОКАИН ХИДРОХЛОРИД АЛКАЛОИД

Лекот Лидокаин хидрохлорид Алкалоид може да биде инјектиран во вена, во мускул или под кожата, со систем за инфузија – во вена или во епидуралниот простор во близина на 'рбетниот столб.

**Возрасни**

Вообичаена максимална доза е 10 ml. Вашиот доктор ќе одлучи која доза е оптимална за Вас. Помала доза може да Ви биде дадена доколку сте повозрасни или доколку сте изнемоштени.

**Деца**

Вообичаено се користат помали дози за деца. Дозирањето зависи од возраста на детето, од физичката состојба и од медицинската процедура која треба да се изведе.

*Ако имате некакви прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови и Лидокаин хидрохлорид Алкалоид може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

Лидокаинот може повремено да ги предизвика следните несакани ефекти:
- болка, воспаление или отапеност на местото на инјектирање, откако ќе помине ефектот на лидокаинот;
- невроза;
- тремор:
- заматено или двојно гледање;
- вртоглавица или сонливост;
- конвулзии (грчеви);
- гадење или повраќање;
- забавена работа на срцето или низок притисок.

Алергиските реакции на лидокаин хидрохлорид се ретки, но веднаш известете го Вашиот доктор ако имате тешкотии при дишењето, ако Ви се појави исип на кожата или ако Ве чеша кожата.

По примањето на лидокаинот во 'рбетот (спинална анестезија) треба да му кажете на Вашиот доктор ако Ви се појават некои од следните несакани ефекти:
- болка или отапеност во грбот и во нозете;
- тешкотии при одењето;
- тешкотии при мокрењето и при празнењето на дебелото црево;
- несвестица или зашеметеност;
- забавена работа на срцето или забавен пулс.

За пациенти кои ќе ја напуштат ординацијата на докторот пред да помине дејството на лидокаинот:
Додека трае дејството на анестетикот може да се здобиете со некоја посериозна повреда на анестезираниот дел од телото. Додека не Ви се поврати чувството во анестезираниот дел од телото, бидете особено претпазливи за да не се повредите.

*Ако забележите какви било несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛИДОКАИН ХИДРОХЛОРИД АЛКАЛОИД

Лекот да се чува на места недостапни за деца!
Не употребувајте Лидокаин хидрохлорид Алкалоид по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лекот не бара посебни услови за чување.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството.
Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Лидокаин хидрохлорид Алкалоид**
*Активна супстанција:* лидокаин хидрохлорид.
2 ml раствор за инјектирање (1 ампула) содржи 40 mg лидокаин хидрохлорид (во форма на монохидрат).
*Помошни состојки:* натриум хлорид; натриум хидроксид; вода за инјекции.

**Изглед на лекот Лидокаин хидрохлорид Алкалоид и содржина на пакувањето**
Растворот за инјектирање е спакуван во безбојни ампули од неутрално стакло, од 2 ml, во пластични влошки. Секоја влошка содржи 5 ампули.
Кутијата содржи 100 ампули од 40 mg/2 ml.

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД – Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Декември, 2012 г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ